Александар АТАНАСОВСКИ

# ЦРКОВНИТЕ ВРСКИ ПОМЕЃУ ОХРИД И РОМАНСКИТЕ КНЕЖЕВСТВА ВЛАШКО И МОЛДАВИЈА, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ДВЕ ВЛАШКИ ГРАМОТИ ЗА МАНАСТИРОТ СВЕТИ НАУМ ВО ОХРИД

Охридската архиепископија во своето повеќевековно постоење често ги менувала границите на својата јурисдикција.[1] Поради тоа, а и поради недостиг на изворни податоци тешко е да се повлече сигурна граница до каде се протегала јурисдикцијата на Охридската архиепископија. Овде немаме за цел да ги разгледуваме границите на Охридската архиепископија во целина туку само нејзиното влијание во заддунавските предели, поточно во Романските кнежевства Влашко и Молдавија.

По паѓањето на Македонија под власта на Османлиите, османлиските султани благонаклоно се однесувале кон Охридската архиепископија и содејствувале со неа за проширување на нејзиниот диоцез. Тоа од причина што завладувањето на Охрид и другите македонски градови се одвивало без голем отпор.[2]

До 1410 година во границите на Охридската архиепископија влегувале: Македонија (без јужните и источните краишта), средна и јужна Албанија (без Драч), Ќустендилскиот, Софискиот и Видинскиот округ и дел од Источна Србија (без Ниш).[3]

Во XV век Охридските архиепископи се обидувале да го распространат своето влијание и зад Дунав во војводствата Влашко (Унгровлахија) и Молдавија.[4] До 1359 година Влашко се наоѓало под јурисдикција на трновскиот патријарх, без да има одделен епископ, а тамошното население било опслужувано од крајдунавските бугарски архиереи.[5] Во 1359 година влашкиот војвода Александар I Бесараб,

1 Најопстојно за границите на Охридската архиепископија во нејзиното постоење пишуваат: И. Снегаров, История на Охридската архиепископия-патриаршия, том 1 и 2, фототипно издание, Софиј, 1995; С. Димевски, Историја на македонската православна црква, Скопје 1989.

2 И. Снегаров, История...,2, стр. 3.

3 Исто, 159; С. Димевски, Историја на мак. прав. црква, 203.

4 И. Снегаров, История...2, 11.

5 J. Поповић, Опяа црквена историја, кн. II. Сремски Карловци 1912, 50; N. Dobrescu, Istorija bisericii romane, ed. II, Bucuresti 1923, 13-15; И. Снегаров, История. II, 11.

за да ги засили врските со Византија ја признал власта на цариградскиот патријарх, кој основал митрополија во влашката престолнина Арџеш,[6] на чело со митрополитот Јакинт.

Молдавија во почетокот исто како и Влашко била дел од бугарската (Трновска) црква, но во XIV век таа потпаднала под зависност на галицискиот (руски) митрополит и од 1401 година под зависност на цариградскиот патријарх.[7]

Своите претензии охридските архиепископи, веројатно ги засновувале врз идентичноста на Влашко и Молдавија со Средоземна и крајбрежна Дакија посочени како дел од диоцезот на архиепископијата на Јустинијан I во IX Јустинијанова новела и во синтагмата на Матеја Властара[8] која во XV век во Молдавија била сметана за официјален каноничен кодекс што се гледа од многуте нејзини словенски преписи во таа држава. Охридските архиепископи успеале да ги потчинат Влашко и Молдавија негде во средината на XV век, по флорентинскиот собор (1439 г.) Под притисок на својот сизерен, турскиот султан, кој во флорентинската унија гледал политички сојуз против него[9], или поради противдејството на своите народи кои сакале да останат верни на православието двете romanски војводства не ја признале флорентинската унија.[10] Бидејќи сè до 1453 година, Цариградската патријаршија била унијатска, Влашко и Молдавија влегле во врски со Охридската архиепископија, која не учествувала во унијатското движење организирано од Цариград. Поради тоа Молдавците го протерале новиот молдавски митрополит Јоаким, назначен од Цариградскиот патријарх (ноември 1447) и тој бил принуден да избега во Полска откаде отишол во Рим.[11] По барање на молдавскиот војвода Александрел (1447-1455) во 1452 или 1453 година Охридскиот архиепископ Никодим го ракоположил Теоктист за молдавски митрополит.[12]

Кон 60-тите години на XV век и влашкото војводство претставувало дел од Охридскиот диоцез. Тоа се гледа од писмата, разменети помеѓу молдавскиот војвода Стефан Велики и охридскиот архиепископ Доротеј од 1466 година.[13]

Кон 1450 година границата на Охридската диоцеза ја поминувала р. Дунав кај Оршова и врвела по јужните и источните делови на планината Карпати, стигнувајќи до изворите на реките Серет и Прут, па се спуштала на Дунав западно од утоката. Потоа се враќала по левиот

6 N. Iorga, Istoria bisericii romanesti, vol. I, 1908, 20 и 22-23.

7 N. Dobrescu, Istoria, bis, rom., II, 21.

8 Види поопширно: С. Новаковиħ, Матеја Властара Синтагма, Београд 1907.

9 N. Dobrescu, cit. delo, 48.

10 И. Снегаров, История, II. 12.

11 Исто, 13 и бел. 1.

12 Исто, 13 и бел. 1.

13 Ю. Трифоновъ, Зависимость на Молдавската црква отъ Охридската въ половината на XV век. - Македонски прегледъ, кн. 1, стр. 58-67; И. Снегаров, Към въпроса за зависимоста на Молдавската църква от Охридската,-Македонски преглед, год. V, стр. 53-62.

брег на Дунав меѓу Лом и Орехово. На тој начин, во Охридската диецеза влегувале Романија и Буковина, па и Бесарабија, сè до утоката на реките Дунав и Днестар.[14]

Од крајот на 1466 година зависноста на Молдавската митрополија од Охридската црква станала номинална. Со писмо од април 1466 година молдавскиот војвода Стефан Велики го молел Охридскиот архиепископ да испрати во Молдавија свој претставник, за да ракоположи наследник на починатиот митрополит Висарион (веројатно, епархиски архиереј во градот Роман), бидејќи поради лошата ситуација било опасно да оди кандидат во Охрид за ракополагање. Охридскиот архиепископ Доротеј (со писмо од октомври 1466 година до Стефан Велики) дозволил молдавскиот народ да си избере митрополит "по законныхь правилѣхь и по уставу светыхъ штецъ" и молдавските епископи да го ракоположат избраниот митрополит заедно со Унгровлашкиот Митрополит Макариј, истакнувајќи како мотив дека во тој момент тој заедно со охридските клирици бил осуден од султанот на заточение и не можел самиот да оди во Молдавија, ниту да испрати свој полномошник.[15]

Во почетокот на XVI век Унгровлашката митрополија воспоставила врски со Цариградската патријаршија. Околу 1500 година по покана на влашкиот војвода Иван Раду IV (Велики) (1459-1508), бившиот цариградски патријарх Нифон II отишол во Влашко да ја уреди тамошната црква и да ракоположи двајца нови епископи за епархиите во Римник (за Олтенија) и Бузеу (за источниот дел на влашкото војводство)[16]. Цариградскиот патријарх Пахомиј, помеѓу 1505-1514 година, по молба на влашкиот војвода Њагое, го поставил словенскиот печатар Макариј (Црногорец) за Унгровлашки митрополит.[17]

Молдавската митрополија по сè изгледа го признавала врховништвото на Охридската архиепископија и по смртта на архиепископот Прохор (1550). Тоа се заклучува од поменикот (започнат во 1407 год.) во Бистричкиот манастир, во кој од туѓите автокефални хиерарси се споменува само тој.[18] Влијанието на охридскиот архиепископ во Молдавија почнало да се потиснува од моментот кога цариградските патријарси почнале да одат таму за собирање милостиња. Од крајот на XVII век Молдавија веќе го признавала врховенството на Цариградската патријаршија,[19] при што ја зачувала претходната автономија. Митрополитот бил избиран од молдавскиот војвода и ракополаган од молдавските епископи, а цариградскиот

14 С. Димевски, Историја на македонската православна црква, 203.

15 И. Снегаров, История 2, 15-16, Starine, XII, 253-254.

16 N. Dobrescu, Istoria, bis. rom. 19 и 49.

17 N. Dobrescu, Istoria bis. rom., 49; N. Jorga, cit. delo, 127; И. Снегаров, История.......... II, 16.

18 Яцимирски, Григорий Цамблакъ., С-Петербургъ, 1904, 296-297.

19 N. Jorga, Istoria bis. rom., 149, 199 i 237; N. Dobrescu, Istoria biserici romane, 50-51; Н. Милевъ, Охридскиятъ патриархъ Атанасий и скитанията му въ чужбина (1597 - 1615). - Известия на историческото дружество, София 1922. кн. в, 120.

патријарх само го потврдувал, при што молдавскиот митрополит го споменувал за време на богослужбата и добивал од него миро.[20]

Зависноста на црквите од Влашко и Молдавија од Охридската архиепископија се одразила и на титулатурата на охридските црковни поглавари.

Охридскиот архиепископ Гаврил I (помеѓу 1572-1580 и 1593 година) во писмото до Макарија Монемвасијски се потпишал и како архиепископ на Молдовлахија (Μολ δοβλαχιας).[21] Во грамотата што ја дал на пелагонискиот Митрополит Јеремија во 1585 година, тој во титулата си додал и "Ουγκροβλαχιας"[22]. Со истата титула започнува и латинската грамота дадена во 1587 година на јеромонахот Филотеја: "utriusque Walachiae"[23] Во писмото од октомври 1587 година до архиерејот Фердинанд тој се нарекол "Патријарх на Бугарија, Србија, Македонија, Албанија, Богданија и Унгровлахија"[24]. Исто и архиепископот Атанасиј во писмото од 1596 година до крфскиот капетан Базадона во својата титула ги додал и "...Valachie, Moldavie..."[25]. Влашката земја е присутна и во титулата на архиепископот Јоасаф I во грамотата до рускиот цар.[26]

За црковните врски помеѓу Охрид и Влашко и Молдавија, особено придонело монаштвото. Манастирското подвижништво и неговата слава се пронеле низ целата диоцеза на Охридската архиепископија. Манастирот Трескавец (кај Прилеп) бил почитуван дури во Молдавија.[27] Во 1688 година цариградскиот патријарх Дионисиј, влашкиот кнез Штербан, српскиот патријарх Арсение III Чарноевиќ и Охридскиот архиепископ Игнатиј пратиле молба-покана до московските цареви Иван и Петар и до нивната сестра Софија да им помогнат да ги ослободат православните народи од османлиско ропство.[28] Тоа зборува дека добрите односи на Охридската архиепископија со Влашко продолжиле до крајот на XVII век.

Ситуацијата во диоцезот на Охридската архиепископија се влошила по нејзиното укинување на 16 јануари 1767 година.[29] По овој чин

---

20 Ј. Поповић. Опћа црквена историја, кн. II, 523; И. Снегаров, История, II, 17 - 18.

21 Записки импер.к Аледеміи Наукъ, т. XIX, С. Петербургъ, 1871, 85; И. Снегаров, История, II, 379

22 Revue de etudes Grecques, IV, 1891, P. 186, 188; И. Снегаров, История , II, 379.

23 И. Снегаров. История.... II, 379.

24 Исто, 379.

25 В. В. Макушевъ, Восторчниыи ворпсосъ въ XVI и XVII вѣкахъ. - Славянскіи сборникъ, С-Петербургъ 1876, т. III, 15, бел. 6.

26 И, Снегаров. История.....II, 380.

27 С. Димевски. Историја на македонската православна црква, 210.

28 Исто, 279.

29 Исто, 279; Ј. Белчовски, Автокефалноста на македонската православна црква, Скопје 1990, 79.

владичината (црковниот данок) била двојно зголемена, а самиот иконом за себе собирал 5-10 проценти од висината на владичината. Покрај тоа, за поголемите христијански празници селаните биле должни на владиката да му носат масло, јајца, суво месо, грозје, вино и друго во зависност од годишното време. Владиците им наложувале данок и на црквите. На почетокот земале 4-8 гроша неделно, а подоцна и многу повеќе. Исто така и манастирите плаќале данок во пари и во натура. Таквиот данок со времето стигнал до половина од реализираниот приход. За оданочувањето на манастирите сведочи и еден стар ракопис во Марков Манастир кај с. Сушица-Скопско. Игуменот на манастирот во 1789 година забележал: "...и еште дури 50 гроша од манастира ми земаше... [30]

Овде ќе го посочиме само примерот на манастирот Св. Наум во Охрид. Кон крајот на XVIII век во времето на турското меѓуцарство, манастирот имал многу долгови. Но тогаш дошле до израз врските со Влашко и со штедрите дарувања на влашките војводи, манастирот ја подобрил материјалната положба.[31] За овие подарувања сведочат грамотите на неколку влашки господари од XVIII и XIX век. Тие грамоти се чувале во Битола, во познатото семејство Робеви. Таму во 1899 година ги видел и некои од нив фотографирал бугарскиот историчар Г. Баласчев. Тие снимки се чуваат во Народната библиотека во Софија. Поради избледнелост бугарскиот филолог и историчар Јордан Иванов ги префотографирал и ги појачал. По тие втори снимки Ј. Иванов ги објавил,[32] бидејќи не можел да дознае каде се наоѓаат оригиналните грамоти. Некои податоци велат дека се наоѓаат во Романија.[33]

Тие влашки даровни грамоти биле 8 на број, издадени вака Александар Ипсиланти, 1781; Николај Караца, 1782; Михаил Вода Суцул, 1784; Михаил Суцул, 1792; Константин Ипсиланти, 1805; Георги Караца, 1813; и Александар Ник Суцул, 1819 година. Грамотите се пишувани на влашки јазик, исполнет со словенизми, со кирилски сврзан брзопис. Од тие грамоти Ј. Иванов ги објавува првата и претпоследната, влашкиот текст со бугарски превод. Преводот е направен буквално. Овде се дава македонскиот превод според изданието на Ј. Иванов.

30 С. Димевкси, Историја на мак. прав. црква. 298.

31 И. Снегаров. История, II, 429; Й. Иванов, Български старини из Македония. фототипно издание, София 1970, 642.

32 Й. Иванов. Български старини, 643-648.

33 Исто, 643.

Іѡ Алеѯандрꙋ Іѡан Ѵѱилант вв҃ꙋ: бж҃ мл҃ гсдр земли Влаш:

Де време че прооѡрокꙋл шй прр҃к ꙟтре ꙟпъраций по-
менит прр҃к ꙟцелептꙋл Соломѡнꙋ нꙋмай ꙟ ꙋмбра леџий резъ-
мъндꙋсе фъкꙋ атъта подоабъ касій дꙋмнезееций а Іерꙋ-
салимꙋлꙋй шй ѡ дърꙋй кꙋ атътѣ дарꙋри ка съ съ пъзѣскъ
ꙟтрънса сикрийꙋл кꙋ таблиле леџий домнꙋлꙋй. кꙋ кът май
върtос ной карій сънтем акꙋма кꙋ мила дꙋхꙋлꙋй сфънт
правослаѵничи домни. съ каде съ не силим кꙋ тотꙋл сꙋфле-
тꙋл съ ꙟтемеем шй съ ажꙋторим сфинтеле лъкашꙋриле лꙋй
дꙋмнезеꙋ ꙟтрꙋ каре нꙋ съ жꙋнгіе вите некꙋвънтътоаре

прекꙋм ѡарекънд акола. чй ꙟсꙋш мійелꙋшꙋлꙋл лꙋй дꙋмне-
зеꙋ. съ жъртфꙋеще пентрꙋ віаца чѣ вечникъ а ноастръ
а тꙋтꙋрор, пентрꙋ ачаста дар ꙟнълцънднꙋне шй пе ной
домнꙋл дꙋмнезеꙋ кꙋ домніа ꙟтрꙋ скаꙋнꙋл църій рꙋмънещй.
бине ам вонт ка дин богатия миле але прѣмилостивꙋлꙋй
дꙋмнезеꙋ че нѣꙋ дърꙋит. съ ръвърсъм шй ной фачери де
бине шй миле спре чинстѣ ши ꙟтърирѣ сфинтелѡр мънъ-
стирй. каре сънт чѣ май де чинсте парте а политій. шй
[illegible]ѣба чѣ май маре ши семнꙋл чел прѣаръtат ал правослаѵій.

Дрепт ачѣа дарꙋ. ꙟцинънднꙋне домніа мѣ шй пентрꙋ
сфънта шй дꙋмнезеѧска мънъстире. че съ нꙋмеще а сфън-
тꙋлꙋй Наꙋм. каре ѧсте апроапе де четатѣ Ѡхрида зидитъ
шй фъкꙋтъ дин темеліа ей де бꙋнꙋл крещин. шй маре ꙟпърат
Михаил Борис оунде съ чинстеще шй съ пръзнꙋеще храмꙋл
сфънтꙋлꙋй кꙋвиос Наꙋм. ла каре мънъстире съ пъзеск шй
съ ѡдихнеск шй моащеле сфинцій сале фъкътоаре де минꙋнй
фолоситоаре тꙋтꙋрор челѡр че алергъ шй нъзꙋеск кꙋ кре-
динцъ добъндеск избъвире де ѡрй че шй пънъ акꙋм., кꙋмкъ
съ афлъ ла липсъ десъвършът: ꙟкъ шй ꙟдаторатъ динꙋ
причина трекꙋтій ръзмирице че аꙋ фостꙋ. шй неавънд
де никъйри ничи ꙋн ажꙋтор прекꙋм аꙋ алте сфинте мънъ-
стирй. пръеск пъринцій нꙋмай кꙋ мила че агонисеск дꙋпе
ла крещиний., каре мънъстире дꙋпе старѣ че съ афлъ фи-
нд кꙋ кале а съ ажꙋта шй де кътре ной чей че динꙋ
проніе дꙋмнезеѧскъ нѣм ꙟвреднічит а фи домнꙋ шй ѡблъ-
дꙋиторꙋ ачещій правослаѵниче църй май вътос дꙋпе ѡсър-
дишоаса рънѵнъ че авем кътре сфинтеле лꙋй дꙋмнезеꙋ лъка-
шꙋрй а ле ажꙋта ла липса трибꙋинцелѡр шй пентрꙋ евлавіа
че авем кътре моащеле ачестꙋй кꙋвиос сфънт. каре съ
пъзеск ꙟтрачастъ мънъстире. нѣм милостивит шй ам
фъкꙋтꙋ милъ принтрачестꙋ чинститꙋ хрисов ал домній
меле. ка съ айбъ пе тот анꙋл а лꙋа т: шапт зеч: де ла
вистиеріе кꙋ печетлꙋит, каре милъ съ фіе пентрꙋ ажꙋторꙋ
ла липса че съ афлъ. пъринцилѡр кълꙋгърй де хранъ шй
ꙟтърире. іар домній меле шй пъринцилѡр домній меле веч-
никъ поменире. Рꙋгъм дар шй пе алци фраций домнй карій
ꙟ ꙋрма ноастръ съ вѡр ꙟвреднічи кꙋ домніа ачещій право-
славниче църй. съ бине воѧскъ а ꙟнои шй а ꙟтърй мила
ачаста ка шй але домнілѡр сале милй шй фачери де бине
съ фіе де алцій ꙟ ꙋрмъ цинꙋте. ꙟ сѣмнъ

Ши ам ˆнтърит хрисовꙋл ачéста кꙋ ˆнсꙋш кредин'ца домнїй мéле ˆІѡ Алеѯадрꙋ Іѡа ˆѴѱилант вва: ши кꙋ кредин'ца прѣюбин'цилѡр домни мéле фїй. Котан вва: Дꙋмитрашко вва: шй кꙋ тотꙋ сфатꙋл чинстицилѡр шй кредин'чош бѡерилѡр челѡр мáри ай диванꙋлꙋй домнїй мéле. Пáн Николае Дꙋдéскꙋл вел бан. Пáнъ Дáнъ Филипéскꙋ вел двѡрник дé цáра дé сꙋс. Пáн Щефанꙋ Дръш'ковѣнꙋл вел'двѡрник дé цáра дé жос. Пáнъ Манолáкїе Бранковѣнꙋл вел логоф дé цáра де сꙋс Пáн Григорїе. Бълѣнꙋл вел логофътъ де цáра дé жос. Пáн Геѡргáке Маврокордатꙋ вел спадар. Пáн Скарлатꙋ Гречѣнꙋл вел вист :, Пáн Ѳеѡдораке Негри вел пѡст : Пáн ˆИстратїе Крецꙋлескꙋ вел клꙋчер., Пáн Радꙋл Голéскꙋ вел пхр. Пáн Дꙋмитрáке Фолкоѧнꙋ вел стол, Пáн Скарлат Гикá вел комис Пáн Костан'дин Сꙋчюл вел слꙋцер. Пáн Костан'дин Нен'чюлéскꙋл вел питáрꙋ, шй ис'правник. Пáн Манолáке Бранковѣнꙋл вел логофътꙋ.

Шй саꙋ скрис хрисовꙋл ачéста. ˆнтрꙋ ал шаптелѣ ан динтрꙋ ˆнтъˆѧ домнїе а домнїй мéле айчи ˆн ѡрáшꙋл скаꙋнꙋлꙋй домнїй мéле Бꙋкꙋрéщїй. ла анїй де ла зидирѣ лꙋмїй: ,зспд : іар дела нáщерѣ домнꙋлꙋй дꙋм'незéꙋ шй мънтꙋитторꙋлꙋй нострꙋ ˆІс : Хс : 1781 : ˆн лꙋна лꙋй септв: 8 :

Іѡ Александрꙋ вѡевѡд [1])

Іѡ Алеѯандрꙋ Іѡанн ˆѴѱилант вва бж мл гспдр земл влах :

Млстї́ю бї́ю Іѡ Іѡан Геѡрге Караџѣ ввѡд. и гпод[ар] земл: Влахско=е, сфинти= ши дꙋмнезеещи= мъстри че съ нꙋмеще а сфънтꙋлꙋ= Наум каре ест: апроапе де четатѣ Охрида, зидит дин темелїѧ ен де бꙋнꙋл крещин ши маре ѧмпърат Михаил Ѵри, ѵн де съ чинстеще ши съ пръзнꙋ=еще храмꙋ сфънтꙋлꙋи кꙋвиос Наум, ла каре мъстре съ пъзеск ши съ одихнеск ши моащеле сфинци= сале, фъкътоаре де минꙋ.

Пентрꙋ каре ѧнщиинцъндꙋне домнїѧ мѣ къ съ афлъ ла липсъ десъвършит ѧнкъ ши ѧндеторитъ дин причина ръзмирицилор невъни : дат : ажꙋтор де никъ=ри . ши пъринци= че сънт ла ачѣстъ сфънтъ мъстре , тръеск : нꙋма= кꙋ агонисита милъ дꙋпела крещин=, ам ръвнит домнїѧ мѣ прин ажꙋторꙋл фачери= де бине ши= оръндꙋим ка съ ѧ пе тот анꙋл дела вистери=е кꙋ печетлꙋит по : тл : ѡптзечи. авъндꙋъ ачѣстъ милъ сфънта мъстре атът дела домнїѧ са ръпт : Алеѯандрꙋ ввѡдъ Ипсилант прин хрꙋсовꙋл чел възꙋм кꙋ лт : 1781 : септв : 8 : и дела домнїа са ръпт Никола=е вѡдъ Караџѣ прин хрꙋсов ѿ лт : 1782 : ноемв : 29 и дела домнїѧ са ръпт домн Михаю вѡдъ Сꙋцꙋл прин хрꙋсов ѿ лт : 1784 : генр : 20 : кꙋм ши дела че=лалци фраци домни, iар чел дин ѵрмъ дела домнїѧ са Конан : вѡдъ Ипсилант прин хрꙋсовꙋл чел възꙋт кꙋ лт : 1805 : юние : 12 : . Дрепт ачеѧ милостивиндꙋне ши домнїѧ мѣ ѧн (sic) ѧнноит ачѣстъ милъ ка съ ѧ пе тот анꙋл ачѣстъ милъ де т : ѿтзечи : де ла вистерїѧ домни=мел кꙋ печетлꙋит, спре афи сфинти= мъстри де ажꙋтор ши пъринцилор де хранъ ши кивернисѣлъ, iар домни= мел вечникъ поменире, и саам рече гвами . 1813 : февр 1 :

Іѡ Іѡан Геωргїе Караџѣ вwевwд милтїю бжїю гсдр.

## Грамота од Александар Ипсиланти, 1871 година

(превод)

Јω Александар Јоан Ипсиланти војвода, со божја милост господар на Влашката земја.

Ако некогаш премудриот пророк Соломон, споменуван секогаш помеѓу царевите, водејќи се само по законот, беше го украсил толку многу божјиот дом во Ерусалим и го беше обдарил со толку дарови, за да се чува во него ковчегот со (скрижалите) на божјиот закон, толку повеќе ние кои што сега, со милоста на светиот Господ, сме православни господари, прилега да се грижиме од сè срце да правиме и да ги помагаме светите божји домови, во кои не се колат пагански животни, како што се правеше некогаш таму, а каде што самото божјо јагне се жртвува за нашиот вечен живот.

Поради тоа и ние, бидејќи сме издигнати од Господ Бог на престолот на Влашката земја, благоповелавме од богатите штедрости, кои што многу милостивиот Бог ни ги дал, да излееме благодејание и милостиња за слава и закрепнување на светите манастири, кои што се најславното дело и најголемото украсување на државата и највидниот знак на православието.

За тоа впрочем, откако се информира моето свето господство за светиот божји манастир, кој е посветен на Св. Наум и се наоѓа близу до градот Охрид, изграден и направен од темели од добриот христијански и велик цар Михаил Борис, каде што се почитува и празнува храмот на преподобниот Св. Наум и во кој што манастир се чуваат и си почиваат чудотворните мошти на неговата светост, користејќи ги сите оние, кои сега доаѓаат кон нив и се стремат со вера да добијат избавување од секаква напаст (откако се уверивме впрочем), дека се наоѓа во крајна нужда и дека е задолжен поради поминатиот метеж и нема никаква помош од нигде, како што имаат другите свети манастири, отците (во него) живеат само од милостињата на христијаните и поради положбата во која дошол манастирот, прилега да му се помогне и од нас, кои по божја волја сме се удостоиле да бидеме господар и владетел на таа православна земја, посебно поради трудољубивоста што ја имаме кон светите божји домови да им помагаме во нужда, и поради благословението што го имаме кон моштите на преподобниот отец, чувани во тој манастир, се смилувавме и со овој чесен хрисовул на моето господство определивме манастирот да зема од нашата каса секоја година милостиња по 70 талера, со потпечатена потврда, оти милостињата ќе биде во помош за потребите во кои се наоѓа, и исто на отците калуѓери за храна и закрепнување, а на моето господство и на родителите на моето господство за вечен помен.

Ние молиме, впрочем и другите браќа господари кои ќе се удостојат по нас да ја владеат оваа православна земја да благоповелат да ја обновуваат и да ја потврдуваат таа милостиња, та и милостињата

и благодетите на нивните господства да бидат исто така почитувани после.

И го потврди овој хрисовул со вера моето господоство Иω Александар Јоан Ипсиланти војвода и со верата на многу саканите синови на моето господство Константин војвода и Думитрашко војвода и со целиот совет на чесните и верни болјари на диванот на моето господство: пан Николае Дудескул, велик бан, пан Дан Филипеску, велик дворник на Горна земја; пан Манолакие Бранковјанул, велик логотет на Горна земја; пан Григорие Балјанул, велик логотет на Долна земја; пан Георгаке Маврокардату-велик спатар и пан Скарлату Гречјанул - велик вестиар, пан Теодораке Негри, велик постелник; пан Истратие Крецулеску, велик клучар, пан Радул Галеску, велик пехарник, пан Думитраке Фолкојану, велик столник; пан Скарлат Гика, велик комис; пан Константин Сучјул, велик слуга; пан Константин Ненчјулескул, велик логотет.

И се напиша овој хрисовул во седмата година на првото управување на моето господство тука во престолниот град на моето господство Букурешт, во година од создавањето на светот 7289, а од раѓањето на Господ Бог и спасителот наш Исус Христа 1781, месец 8 септември.

Иω Александар војвода

Иω Александар Јоан Ипсиланти војвода со божјата милост господар на Влашката земја.

## Грамота од Георги Караџа, 1813 година

(превод)

Со божја милост Иω Јоан Георги Караџа војвода и господар на Влашката земја. На светиот и божествен манастир на името на Св. Наум, кој што е близу до градот Охрид, изграден од темел од добриот христијанин и велик цар Михаил Борис, каде што се почитува и празнува споменот на преподобниот Св. Наум и каде што се чуваат и си почиваат чудотворните мошти на светецот.

За кој што (манастир) откако се запозна моето господство, дека се наоѓа не само во крајна оскудност, но, е и задолжен по причина на нередите, без да има друга помош од негде и отците, кои што се во тој свештен манастир живеат само од милостињата, добивана од христијаните, побрза моето господство да пристапи со благодетта и наредуваме, манастирот да земе секоја година од благајната, со потпечатена потврда, по 80 талера, бидејќи светиот Манастир ја имал таа милостиња од моето господство на покојниот кнез Александар Ипсиланти, со хрисовулот што го видовме од 8 септември 1781 година, и од господството му на покојниот кнез Николај Караџа, со хрисовул, од 29 ноември 1782 година, и од господството му на покојниот господар кнез Михаил Суцул, со хрисовул од 20 јануари 1784 година, така и од

другите браќа господари, и најпосле од господството му на кнез Константин Ипсиланти, со хрисовул, кој го видовме, од 12 јули 1805 година. Поради тоа, се смилува моето господство ја обновивме таа милостиња, што манастирот да зема со потпечатена потврда секоја година по 80 талера од благајната на моето господство, за да биде за помош на светиот манастир и за храна и поддршка на отците, а на моето господство за вечен помен.

Така заповеда моето господство, 1 февруари 1813 година.

Иω Јоан Георгие Караџа, војвода со божја милост господин.

Александар АТАНАСОВСКИ

## ЦЕРКОВНЫЕ СВЯЗИ МЕЖДУ ОХРИДОМ И РУМЫНСКИМИ КНЯЖЕСТВАМИ ВАЛАХИЯ И МОЛДАВИЯ, С ОСОБЫМ ОБРАЩЕНИЕМ К ДВУМ ВАЛАШСКИМ ГРАМОТАМ О МОНАСТЫРЕ СВ. НАУМА В ОХРИДЕ

(Резюме)

Охридская архиепископия смогла подчинить себе Влахию и Молдавию где-то в средине XV века, после флорентинского собора (1439 г). Под давленим своего государя - турецкого султана, который во флорентинской унии увидел политический союз против него, или из-за противодействия своих народов, которые желая остаться верными православию двух румынских княжеств, не признали флорентинскую унию. Так как до 1453 года, патриархия Царьграда была объединенной, Валахия и Молвавия вошли в связь с Охридской епископией, которая не участвовала в объединенном движении огранизованном из Царьграда. В 1452 или в 1453 году Охридский архиепископ назначил Феоктиста молдавским митрополитом. К 60-м годам XV века и Влашское княжество представляло собой часть Охридской диоцезии.

Зависимость Венгро-валашской метрополии от Охридскои архиепископии продолжалась все до начала XVI века, когда была подчинена Царьградскои патриархии. А Молдавская отделилась от Охрида к концу XVI века.

Церковниые связи между Охридом, Валахией и Молдавией были осущстављены, благодаря монастырскому подвижничеству. Монастырь Трескавец был особо известен в Молдавии. Церковные связи сильно были выражены, когда большое количество македонских монастырей обеднели изза неблагоприятных условий. Так, например, монастырь Св. Наум Охридский обратился за помощью к влашским владетелям. О том что с их стороны была оказана помощь, сохранилось несколько грамот, из которых обращем Ваше внимание на две. По первой грамоте Александра Ипсиланти 1781 года, монастырь получил 70 талеров милостыни, а по грамоте Георгия Караджи 1813 года, 80 талеров, которые были выданы из государственной казны.